СЕКТОР ЗА ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ

Арх.бр. УП1-15 10/2020
Дата. 22-01-2020

Врз основа на член 88 од Законот за општата управна постапка (“Службен весник на Република Македонија” бр. 124/15), а во врска со член 4, став 3 од Законот за спроведување на Просторниот план на Република Македонија (“Службен весник на Република Македонија” бр.39/04) и член 25, став 8 од Законот за просторно и урбанистичко планирање (“Службен весник на Република Македонија” бр. 199/44, 44/15, 44/15, 193/15, 31/16, 163/16, 64/18 и 168/18), министерот за животна средина и просторно планирање, го донесе следното:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за Услови за планирање на просторот**

1. Со ова Решение на Павле Димовски, со живеалиште на улица "Слободан Пепоски" бр. 44 во Гостивар, се издаваат Услови за планирање на просторот за изработка на **Локална урбанистичко-планска документација за изградба на објект со основна класа на намена Д3 – спорт и рекреација, на КП бр. 311/2 и дел од КП бр. 311/1 во КО Орќуше, Општина Маврово и Ростуше.**

Површината на планскиот опфат изнесува околу 0,51 ha и зафаќа земјиште под пасиште (IV класа).

2. Условите за планирање на просторот од точка 1 на ова Решение, изработени од Агенцијата за планирање на просторот со **тех.бр. Y20719** се составен дел на Решението.

3. Условите за планирање на просторот за изработка на Локална урбанистичко-планска документација за изградба на објект со основна класа на намена Д3 – спорт и рекреација во КО Орќуше, Општина Маврово и Ростуше, содржат општи и посебни одредби, насоки и решенија и заклучни согледувања со обврзувачка активност од планската документација од повисоко ниво и графички прилози кои претставуваат Извод од планот.

4. Планскиот опфат се наоѓа во граници на третата заштитна зона (зона на хигиенско епидемиолошко следење и набљудување) на изворот Рашче од кој се водоснабдува градот Скопје и селата во Скопскиот Регион. Во оваа зона мора да се почитуваат условите за заштита дефинирани со "Одлуката за утврдување на заштитните зони на изворот Рашче и определување на мерките за заштита" (Сл.весник на РМ бр.36/1990). Исто така Спортско рекреативниот објект се наоѓа и во третата заштитна зона на водозафатниот објект извор Вруток од кој се водоснабдува градот Гостивар и околните сена. Во оваа зона мора да се почитуваат


Министерство за животна средина и просторно планирање
на Република Северна Македонија
Плоштад „Пресвета Богородица“ бр. 3, Скопје
Република Северна Македонија

Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit
hapësinor e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Bul. “Presveta Bogorodica” nr. 3, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 2 3251 403
www.moepp.gov.mk